# ТРГОВИЈАТА СО ЛУЃЕ Е РЕАЛНОСТ

# ДА ЈА СПРЕЧИМЕ



**Не дозволувај**
**и ти да станеш жртва**
**на трговија со луѓе!**

# Што е трговија со луѓе?

Трговијата со луѓе е организиран криминал со кој се соочува човештвото во овој момент. Присутен е во разни форми во сите држави ширум светот. Тој е комплексен феномен врз кој влијаат социјалните, економските, културните и други фактори.

Трговијата со луѓе вклучува физичко и психичко насилство, силување, киднапирање и ропство.

***Трговијата со луѓе е кривично дело!***
***Македонскиот Кривичен Законик го регулира кривичното дело трговија со луѓе со член 418-а и 418-г, трговија со малолетно лице.***
***Предвидена казна за делото трговија со луѓе е од четири до осум години затвор, а за трговија со малолетно лице осум години затвор.***



## Дали знаете?

**Некои луѓе трговијата со луѓе ја нарекуваат „трговија со бело робје", што не е точно.**
**За трговијата со луѓе за прв пат како проблем се проговорило во XIX век, кога белите луѓе почнале да се јавуваат како жртви.**
**Изразот „трговија со бело робје" не треба да се користи како синоним за трговија со луѓе, бидејќи овој проблем ги погодува сите луѓе, без разлика на нивната раса, етничко или национално потекло.**

# Некои факти

***Трговијата со луѓе се случува денес, се случува овде, таму и на секаде каде што се наоѓате.***

Факт е дека жените, децата и мажите се продаваат како стока насекаде во светот. Меѓународната организација на трудот (МОТ) проценува дека има вкупно 2,4 милиони жртви на трговија со луѓе. Според американскиот Стејт департмент, 80% од жртвите се жени и девојчиња, а половина од жртвите се малолетни. Се проценува дека секоја година од 600 000 до 800 000 луѓе стануваат жртви на меѓународна трговија со луѓе.

Оваа бројка не ги вклучува жртвите на внатрешната трговија со луѓе, т.е. трговија со луѓе која се одвива внатре во границите на една земја.

Се проценува дека бројот на лица кои живеат во ропство низ светот денес изнесува повеќе од 27 милиони. (Free International 2009)

# Кој може да биде жртва на трговија со луѓе?

**Во наједноставна смисла тргувано лице е некој кој се пренесува преку границите или во рамките на една држава заради ропство или потчинетост.**
**Жртва на трговија со луѓе може да биде секое лице. Најчесто тоа се жени и деца, но жртви на трговија може да бидат и мажи.**

## Вообичаена грешка е верувањето дека девојките стануваат жртви на трговија со луѓе затоа што се наивни.

Девојките стануваат жртви на трговија не затоа што се ,,наивни". Тие се излагани односно измамени, а потоа се изложени на физичко, сексуално и психичко злоставување, заробени во ланецот на трговија со луѓе.
Тие немаат слобода на движење или слобода на избор, поточно немаат контрола на својот живот.
Луѓето кои ги регрутираат и продаваат жртвите, најчесто се лица од доверба (роднини, партнери, пријатели...) Заради тоа секој може да стане жртва на трговија со луѓе.

Не постои одреден профил на жртва на трговија со луѓе. Секој може да биде жртва на трговија со луѓе, иако многу мислат ,,Јас сум паметен/на, јас сум образован/на, не сум лесноумен/на, нема шанса да паднам во мрежата на трговија со луѓе".

***Запамети, токму секој!***

**Младите се ризична група најчесто заради нивната:**

- Потрага за подобар живот (работа, подобра заработувачка ...);
- Желба за самостојност.

***Сакајќи подобар живот за себе и семејството младите луѓе стануваат многу лесна мета за трговците со луѓе!***

**ВАЖНО!** **До жртвите се доаѓа на различни начини. На прв поглед зад примамливи огласи за добро платена работа во странство, кои ги нудат разни ,,агенции", често се крие организиран криминал.**

# Видови и облици на трговијата со луѓе

**Трговијата со луѓе во основа подразбира експлоатација, но според обликот на експлоатација таа може да биде заради:**

- **Проституција и други форми на експлоатација;**
- **Порнографија;**
- **Принудна работа или слугување;**
- **Ропство;**
- **Присилни бракови;**
- **Принудна фертилизација (оплодување);**
- **Незаконито посвојување и нему сличен однос;**
- **Нелегално трансплантирање на делови на човековото тело и**
- **Принудно вршење на разни видови криминални дејствија.**

# Што опфаќа трговијата со луѓе

**Кривичното дело трговија со луѓе опфаќа:**

- **Врбување;**
- **Измама;**
- **Превоз;**
- **Пренос;**
- **Прифаќање;**
- **Засолнување и**
- **Експлоатација.**

# *Трговијата со луѓе е со една единствена цел, експлоатација на човечкиот труд и човечкото тело.*

**Врбувањето е првата алка во ланецот на трговија со луѓе.**
**Преку врбувањето трговците со луѓе бараат свои жртви кои преку измама или присилување на поединци ги внесуваат во ланецот на трговија со луѓе.**

**Тие им даваат лажни ветувања, употребувајќи бројни причини за да ги убедат своите жртви без оглед дали станува збор за вработување, студирање или патување.**

## Ова се најчести начини на врбување:

- **Лажни ветувања од пријатели, агенции за вработување или некој трет кој нуди работа или патување во земјата и странство;**
- **Примамливи огласи за работа во разни медиуми ( весници, интернет и сл.);**
- **Иако интернетот е одлично средство со чија помош можеш да најдеш корисни информации или да комуницираш со други луѓе, може да се користи и за регрутирање на жртви на трговија (преку лажни огласи за работа);**
- **Киднапирањето е можно, но не премногу чест начин на регрутирање жртви на трговија со луѓе.**

## Најчесто трговците со луѓе на жртвите им нудат:

- **Работа во домаќинство;**
- **Работа во угостителство (келнерки/работа на шанк);**
- **Чување на деца;**
- **Манекенство;**
- **Студирање;**
- **Брак;**
- **Туризам.**

***Ветувањата за добро вработување, високи приходи се најчест мамец за потенцијалните жртви.***

## Експлоатација:

Експлоатацијата на жртвата е крајната цел на трговците преку која тие остваруваат заработувачка. Во зависност од тоа за каква експлоатација се работи, дали за сексуална експлоатација, принудна работа, питачење, работа во домаќинство или друг облик на трговија со луѓе, жртвите се изложени на различни облици на насилство и мачење со цел да се постигне целосна контрола над жртвата и да се обезбеди нејзина послушност.

Трговците им ги одземаат документите за идентификација, и на тој начин жртвата го губи својот правен идентитет.

# Кои се трговците?

Трговците со луѓе може да бидат лица од машки или женски пол. Најчесто лицата кои се јавувавaат како „трговци" се блиски членови на фамилијата од каде лицето потекнува и најчесто ги принудуваат или манипулираат жртвите. Користат киднапирање, измама, заплашување, лажна љубов, изолација, закани и физичка сила како средство за доаѓање до жртви.

Трговците со луѓе, користејќи се со измами, насилство и експлоатација, ги третираат луѓето како стока која се купува, продава и препродава, додека жртвите живеат во услови на принуда и страв.

**На кој начин трговците со луѓе ги контролираат жртвите и го спречуваат нивното бегство?**

- **Со изолација;**
- **Заплашување со насилство/предизвикување страв;**
- **Должничко ропство.**

# Што можеш да направиш да се заштитиш себе и пријателите од трговија со луѓе?

Ова што го кажуваме овде за трговијата со луѓе не е за да те заплашиме, туку да бидеш свесен/а за овој проблем и ризиците кои можат да се избегнат.

Треба да продолжиш да ја планираш својата иднина и ги следиш своите соништа.Не престанувај да бараш нови пријателства, запознаваш нови луѓе, се забавуваш.
Само обрни внимание на некои работи за да ги избегнеш ризичните ситуации.

***Не дозволувај и ти да станеш жртва на трговија со луѓе!***



# Зошто претпазливост!

**За тоа каде сакате да работите, или живеете, одлучувате сами!**

**Ако сакате да донесете добра одлука, мора да располагате со информации.**
Ако навистина сакате да ги остварите вашите соништа за подобар живот во странство, мора да се запознаете со можни опасности за да можете да ги предвидите и да ги избегните!

**Патувањето во странство добро испланирајте го.**
Соберете повеќе информации за да не се најдете во ситуација која може да ја загрози вашата слобода, достоинство и живот.

**Ако ви е понудена работа?**
Побарајте да ви се покаже и објасни договорот!
Стапете во контакт со работодавачот и распрашајте се за сите детали!
За работа во странство потребна ви е работна дозвола. Побарајте ја лично!

**Пред заминување:**
Научете основни фрази на јазикот од земјата во која патувате!

Направете копија на своите документи и чувајте ги кај себе!

На родителите и пријателите оставете им копија од: пасошот, визата, договорот и фотографии, адреса и број од телефонот на престојот во странство, адреса и број на телефони на пријателите во земјата каде патувате.

**Кога заминувате на патување во странство:**
Патната исправа чувајте ја само кај вас и не давајте ја никому освен на овластените службени лица.
Никој нема право да ги задржи вашите документи!
Ако патувате во група запознајте се со сопатниците!
Одржувајте редовни контакти со семејството и пријателите !
Обрнете внимание на патиштата и граничните премини во текот на патувањето!

# Кога да се посомневате во трговија со луѓе?

**Во трговија со луѓе можете да се посомневате во следните случаи:**

- Нејасни информации за работа;
- Работа без препораки;
- Добро платена работа;
- Работа без претходно интервју со работодавачот, за вашите квалификации, договор ...;
- Понуди за работа - ИТНО БАРАМ;
- Потполно непознати лица, фабрики ...;
- ГОЛЕМИ ВЕТУВАЊА.



## Дали постои излез од ланецот на трговија со луѓе!

**Жртвите на трговија со луѓе најчесто успеваат да се извлечат од трговијата со луѓе благодарение на:**

- Полициски рации;
- Помош од клиенти и граѓани;
- Бегство.

Ретко трговецот сам ја пушта жртвата кога таа ќе стане бескорисна.

Имајте на ум дека само 10-20% од нив успеваат некогаш да се спасат.

**Во случај на трговија со луѓе или дополнителни информации можеш да се обратиш на:**

**СОС линијата за информации и помош на жртви од насилство**

**++ 389 47 251 000    СЕМПЕР  Битола**

# Да се здружиме во превенцијата!

**Граѓанска иницијатива за еднакви можности**
**,,Семпер" Битола**

**Ул.Сисак бр.23 7000 Битола**
**Тел. ++ 389 47 252 095 факс. ++ 389 47 251 000**
**E-mail: semperbt@yahoo.com**
**www.semper.org.mk**

**Проект:**
**,,Прекугранични локални партнерства во борбата против трговијата со луѓе во Р.Македонија, Албанија и Босна и Херцеговина"**
**www.cblpahumantrafficking.org**

**Проектот е финансиски поддржан од Европската Унија**

Содржината на брошурата не ги одразува ставовите на ЕУ,
туку на организациите кои го реализираат проектот.